# ПРИМЕНА НА Е-ТЕХНОЛОГИИ ВО УЧИЛНИЦА

*Јасмина Маркоска* [1]
[1] *СУГС „Георги Димитров“, Скопје*
e-mail: jmarkoska@gmail.com

Традиционалната настава или наставата од облик креда-табла, полека, но сигурно го отстапува местото на наставата збогатена со информациско-комуникациски технологии. Улогата на наставникот, при таквата трансформација на наставата, е да направи мудар избор во технологијата што ќе ја користи во училницата, од една страна да си го олесни сопствениот пат од еден кон друг тип на трансфер на знаења, а од друга страна да ја искористи технологијата како посредник во остварувањето на поставените наставни цели.

Во овој труд ќе биде презентирана примената на групата програми Hot potatoes, Microsoft Word и Internet Explorer во наставни теми од редовната и изборната настава по математика во средното образование.